**ЈУ ЗАВОД ЗА СОЦИЈАЛНИ ДЕЈНОСТИ – СКОПЈЕ**

# ПРОГРАМА

**за полагање на стручен испит**

Врз основа на член 240 став 5 од Законот за социјалната заштита (Сл. Весник на РСМ бр. 104/19, 146/19 и 275/19), врз основа на мислење од Комисијата за лиценцирање, Заводот за социјални дејности – Скопје, донесува:

## ПРОГРАМА ЗА ПОЛАГАЊЕ НА СТРУЧЕН ИСПИТ

Заводот за социјални дејности издава, обновува, продолжува и одзема лиценци за работа на стручните работници во установите за социјална заштита и други даватели на социјални услуги. Исто така Заводот води регистар за издадени, обновени, продолжени и одземени лиценци и спроведува стручен испит во постапката за издавање на лиценци. Стручниот испит се полага според Програма во која се содржани материјалите за подготовка на испитот и начинот за полагање на испитот. Стручниот испит за стекнување со лиценца за работа може да биде:

- општ стручен испит за стручни работници за вршење на стручна работа во центар за социјална работа

- општ стручен испит за вршење на стручна работа во установа за вон-семејна заштита, центар за социјални услуги, центар за поддршка на згрижувачки семејства и други даватели на социјални услуги за вон-семејна заштита и услуги во заедницата,

- посебен испит за лиценца за водител на случај и

- специјализиран стручен испит за стручни работници за вршење едукација за згрижување, супервизија во центар за социјална работа, советувалишна и советодавно-тераписка работа.

Полагањето на теоретскиот и практичниот дел од стручниот испит се одржува во просториите определени од ЈУ Завод за социјални дејности и објавени со распоредот и динамиката за полагање на стручниот испит на веб страната на Министерството за труд и социјална политика и ЈУ Завод за социјални дејности во банерот Комисија за лиценцирање за вршење стручна работа во дејноста социјална заштита. Стручниот испит се полага пред тројца членови од Комисијата за лиценцирање за вршење стручна работа во дејноста социјална заштита.

Стручниот испит се состои од два дела: **теоретски и практичен дел.**

***Теоретскиот дел*** од испитот се полага писмено, преку тест, кој се состои од прашања кои се определуваат во зависност од видот на лиценца за работа со која се стекнува стручниот работник. Комисијата за секој вид на испит има база на прашања за теоретскиот дел од испитот, кои се јавно објавени на веб страната на Министерството за труд и социјална политика и ЈУ Завод за социјални дејности во банерот Комисија за лиценцирање за вршење стручна работа во дејноста социјална заштита, најмалку 15 дена пред полагање на стручниот испит, како и содржината на материјалите за подготовка на теоретскиот дел од стручниот испит. Времетраењето на теоретскиот дел од испитот изнесува 1 час.

По завршување на теоретскиот дел од стручниот испит, Комисијата ги пополнува податоците на самиот тестот во кој се содржани информации за: број на освоени бодови, членови на комисија присутни за време на полагањето на стручниот испит, констатација дали теоретскиот дел од испитот е положен. Резултатите од теоретскиот дел од стручниот испит се објавуваат максимум во рок од 3 работни дена по полагањето.

Доколку кандидатот не го положи теоретскиот дел од стручниот испит не може да пристапи кон полагање на практичниот дел. Стручниот работник кој не го положил теоретскиот дел може да го полага уште еднаш, максимум во рок од шест месеци.

Кандидатите кои го положиле теоретскиот дел од стручниот испит може да пристапат кон полагање на практичниот дел од стручниот испит, најмалку 7 работни дена по објавување на резултатите од теоретскиот дел на стручниот испит.

***Практичниот дел*** од од стручниот испит се состои од приказ на еден случај од секојдневната работа и пракса на кој работел стручниот работник и кој самостојно го избира. Приказот на случај содржи податоци за начинот и постапката на основа на која се проценети потребите на корисникот, применетите методи и техники за работа и преземени активности. Студијата на случајот се изготвува по претходно пропишан образец, даден во прилог број 1 на оваа програма. Студијата на случај се доставува во пишана форма на пропишаниот образец, заедно со барањето за полагање на стручен испит во четири примероци.

Времетраењето на практичниот дел од испитот изнесува 20 минути.

Членовите на Комисијата поставуваат прашања поврзани со студијата на случај која ја презентирал кандидатот/ката, заради проверка на компетенциите за стекнување со соодветниот вид на лиценца за кој поднеле барање.

За овој дел од стручниот испит, членовите на Комисијата констатираат дали кандидатот го положил или не го положил практичниот дел од стручниот испит на записник од полагање на практичен дел од стручниот испит, образец, прилог број 2, кој е составен дел на оваа Програма.

За кандидатите кои ќе го положат теоретскиот и практичниот дел од стручниот испит, Комисијата на првата наредна седница донесува одлука за стекнување со лиценца, која има важност од 5 години, сметано од денот на донесување на Одлуката на Комисијата, по што Заводот за социјални дејности донесува решение за издадена лиценца.

Доколку стручниот работник не го положи практичниот дел од стручниот испит, се смета дека не го положил стручниот испит и може да го полага стручниот испит уште еднаш во рок од шест месеци.

1. **Содржина на материјалите за подготовка на теоретскиот дел од испитот, согласно видот на барањето за полагање на стручен испит**

**<u>1. Општ стручен испит за стручни работници за вршење на стручна работа во центар за социјална работа</u>**

***1. Теоретскиот дел*** од стручниот испит се полага писмено, преку тест, кој се состои од: 30 прашања од затворен тип со понудени 3 можни одговори, од кои само еден одговор е точен. Прашањата за стручниот испит се изготвуваат од:

- Закон за социјалната заштита
- Закон за семејство
- Закон за правда на децата
- Закон за заштита на децата
- Закон за превенција, спречување и заштита од семејно насилство
- Закон за социјална сигурност за старите лица
- Подзаконски акти (правилници)

- Прирачник интегрирано водење на случај во системот на социјална заштита
- Мапирање на социјален простор и работа со заедници
- Етички кодекс за стручните работници во дејноста социјална заштита.

Теоретскиот дел се состои од 30 прашања. Точниот одговор носи 2 бода. Неточниот носи 0 бодови. Максималниот број на добиени бодови на тестот изнесува 60 бода. Теоретскиот дел се смета за положен доколку кандидатот освои 40 бода.

**2. Општ стручен испит за вршење на стручна работа во установа за вон-семејна заштита, центар за социјални услуги, центар за поддршка на згрижувачки семејства и други даватели на социјални услуги за вон-семејна заштита и услуги во заедницата**.

1. ***Теоретскиот дел*** од стручниот испит се полага писмено, преку тест, кој се состои од: 30 прашања од затворен тип со понудени 3 можни одговори, од кои само еден одговор е точен. Прашањата за стручниот испит се изготвуваат од областа на:

- Закон за социјалната заштита
- Закон за семејство
- Закон за правда на децата
- Закон за заштита на децата
- Закон за превенција, спречување и заштита од семејно насилство
- Закон за социјална сигурност за старите лица
- Подзаконски акти (правилници)
- Мапирање на социјален простор и работа со заедници
- Етички кодекс за стручните работници во дејноста социјална заштита

Теоретскиот дел се состои од 30 прашања. Точниот одговор носи 2 бода. Неточниот носи 0 бодови. Максималниот број на добиени бодови на тестот изнесува 60 бода. Теоретскиот дел се смета за положен доколку кандидатот освои 40 бода.

**3. Посебен испит за лиценца за водител на случај**

*1.* ***Теоретскиот дел*** од стручниот испист се полага писмено, преку тест, кој се состои од 35 прашања, од кои 20 од затворен тип, со понудени 3 можни одговори, од кои само еден одговор е точен и 15 прашања од отворен тип.

Прашањата за стручниот испит се изготвуваат од :

- Закон за социјалната заштита
- Закон за семејство
- Закон за правда на децата
- Закон за заштита на децата
- Закон за превенција, спречување и заштита од семејно насилство
- Закон за социјална сигурност за старите лица
- Подзаконски акти (правилници)
- Интегрирано водење на случај во системот на социјална заштита со акцент на улогата на водител на случај
- Мапирање на социјален простор и работа со заедници
- Стратешки документи од социјална заштита
- Етички кодекс за стручните работници во дејноста социјална заштита

Теоретскиот дел се состои од 35 прашања. Точниот одговор носи 2 бода. Неточниот носи 0 бодови. Прашањата од отворен тип со набројување и дополнување, доколку не се целосно одговорени носат 1 бод. Максималниот број на добиени бодови на тестот изнесува 70 бода. Теоретскиот дел се смета за положен доколку кандидатот освои 50 бода.

**4. Специјализиран стручен испит за стручни работници за вршење едукација за згрижување, супервизија во центар за социјална работа, советувалишна и советодавно тераписка работа.**

***1.Теоретскиот дел*** од стручниот испист се полага писмено, преку тест кој се состои од 35 прашања, од кои 20 од затворен тип, со понудени 3 можни одговори, од кои само еден одговор е точен и 15 прашања од отворен тип.

Прашањата за стручниот испит се изготвуваат од:

- Закон за социјалната заштита
- Закон за семејство
- Закон за правда на децата
- Закон за заштита на децата

- Закон за превенција, спречување и заштита од семејно насилство
- Закон за социјална сигурност за старите лица
- Етички кодекс за стручните работници во дејноста социјална заштита
- Подзаконски акти (правилници)
- Згрижување на корисници во системот на социјална заштита
- Супервизија во интегрирано водење на случај во центри за социјална работа
- Советувалишна и советодавно тераписка работа.

Теоретскиот дел се состои од 35 прашања. Точниот одговор носи 2 бода. Неточниот носи 0 бодови. Прашањата од отворен тип со набројување и дополнување, доколку не се целосно одговорени носат 1 бод. Максималниот број на добиени бодови на тестот изнесува 70 бода. Теоретскиот дел се смета за положен доколку кандидатот освои 50 бода.

Директор

Стојан Станиславски

**Прилог број 1- Образец за приказ на студија на случај**

| Податоци за кандидат- от/ката | |
|---|---|
| Име и презиме на кандидат-от/ката | |
| Образование на кадидат-от/ката | |
| Име на установата | |

| ПРИКАЗ НА СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ |
|---|
| ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА КОРИСНИКОТ *(до 150 зборови)*<br><br>**Претставете ги основните податоци за корисникот, членовите на неговото семејство и доколку постојат други значајни лица од средината (со обезбедување на анонимност на личните податоци на лицата за кои пишувате): иницијали, возраст, занимање, брачен статус, вработеност, приходи, претходни контакти со установи за социјална заштита, здравствени и образовни установи, полиција, обвинителство и слично, кои се значајни за студијата на случајот.** |
| |

| ПРОБЛЕМ/РИЗИК НА КОРИСНИКОТ/СЕМЕЈСТВОТО *(од 50 до 100 зборови)*<br><br>**Објаснете го проблемот/ризикот поради кој лицето/семејството станува/ат корисник/ци на права/ услуги во установата во која работите.** |
|---|
| |

| ПРОЦЕНКА НА ПОТРЕБИТЕ, ПОТЕНЦИЈАЛИТЕ И РИЗИЦИТЕ/ОГРАНИЧУВАЊАТА НА КОРИСНИКОТ *(до 100 до 200 зборови)*<br><br>**Опишете ги здравствените потреби, образовните потреби, когнитивното функционирање, емоционалната состојба и однесување, социјални односи и контакти во средината, емоционални односи, вештини за грижа за себе и извршување на дневни активности, интереси, хоби и други податоци релевантни за студијата на случај.**<br>**Опишете ги потенцијалите и ризиците/ограничувањата (лични, семејни и во средината) до кои што сте дошле во текот на проценката, а кои се релевантни за студијата на случај.**<br>**При описот на проценетите потреби, потенцијали и ризици/ограничувања, наведете ги користените методи и техники.** |
| --- |
| |
| ПРИКАЗ НА ОСНОВНИ ЕЛЕМЕНТИ НА ПЛАНОТ *(до 150 зборови)*<br><br>**Наведете ги целите на планот, активностите за постигнување на целите,опис на текот на реализација на активностите, одговорно лице и временска рамка за секоја од наведените активности.** |
| |

______________________________

Потпис на кандидат-от/ката

**Прилог број 2 – Записник од полагање на практичен дел од стручен испит**

# Записник од полагање на практичен дел од стручен испит

Комисијата во состав:

1. ____________________________________
2. ____________________________________
3. ____________________________________

на ден ___________________________, спроведе практичен дел од стручниот испит за кандидат-от/ката ____________________________________, кој поднесе приказ на студија на случај за стекнување на (се наведува видот на лиценцата):

______________________________________________________________________________

Комисијата констатира дека приказот на студијата на случај **е / не** е од областа за која што кадидат-от/ката поднел/а барање за стекнување со лиценца.

Врз основа на тоа, Комисијата констатира дека кандидат-от/ката го **положи / не го положил** практичниот дел од стручниот испит.